ТИКВЕШ

ВИНАРСКА ВИЗБА

# ОБЈАСНУВАЊЕ КОН БИЛАНСОТ НА УСПЕХ ЗА ПЕРИОД 01.01.2012-31.12.2012

Растот на вкупните приходи од продажба во 2012 година за 12,1%, или за 126,5 милиони денари е резултат на пораст на приходите од продажбата на странски пазар за 25,3%, односно за 118,2 милиони денари и пораст на приходите од продажба на домашен пазар за 1,4%, односно за 8,3 милиони денари во споредба со 2011 година. Зголемените трошоци на продадени производи за 171,6 милиони денари, или за 26% споредено со минатата година, резултираат со намалена бруто добивка од 45,1 милиони денари, или намалување за 11,7%.

Останатите оперативни приходи и оперативни расходи бележат намалување и имаат позитивен ефект на оперативната добивка од 34,8 милиони денари, со што разликата на ниво на оперативна добивка за финансиската година резултира со намалување од 10,3 милиони денари.

Намалени финансиски расходи за 10,9% или за 9,3 милиони денари и помала обврска за данок на непризнат расход за 1,2 милиони денари, резултира со повеќекратно зголемување на нето добивката за финансиската година на износ од 167 илјади денари.

**Ulica 810 bb, 1000 Skopje, Republika Makedonija**
**Tel:** +389 3 175 966, **Faks: +389 2 3181 735,** e-mail: vvtikves@tikves.com.mk
www.tikves.com.mk